РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02 - 1176/1
04.08 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Управниот одбор на Агенција за филм на Република Северна Македонија врз основа на член 20 став (1) и член 21 ставови (1) и (2) од Статутот на Агенција за филм бр. 07-98/1 од 06.02.2014 година, а во согласност со член 21 став (1) алинеја 9 и член 6 алинеја 8 точка 2 од Законот за филмската дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18 и 275/19), на седница одржана на ден 25.07.2023 година донесе:

# ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм

### Член 1

Во Правилникот за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр.01-217/1 од 30.01.2023 година, се прави измена и дополнување во член 5 каде по став (3), се додава нов став (4) кој гласи; „Комисијата за административна селекција по службена должност може да го прибави доказот за исполнетоста на условот од член 2 став 8 на овој правилник со барање на изјава од режисерот дека е завршена првата финална тонска копија од филмот, доколку нема официјален податок за тоа дека филмот е завршен односно доколку истиот не е доставен во Агенцијата од страна на филмскиот продуцент."

Ставот 4 станува став 5.

Во член 4 став 3 зборовите „или одбиен" се заменуваат со „проект чиј збир од освоени бодови е помал или еднаков од претходно рангираниот". После точката се додава следната реченица: „Исклучокот се однесува на проект чие сценарио е оценето со повеќе бодови во однос на проектот што е рангиран пред него, но истиот во однос на останатите критериуми остварил помалку бодови и на тој начин се рангирал на пониско скалило од претходно рангираниот проект".

Во член 9 се додава нов став 3 кој гласи: „По исклучок на ставот 2, Агенцијата и продуцентот го задржуваат правото да определат и друга динамика на исплата зависно од расположливите средства на Агенцијата".

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат став 4,5.6 и 7

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата, а примената на ставот (1) од член 1 ќе почне од 01 јануари 2024 година.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Игор Шокаровски

Доставено до:
Претседателот и членовите на Управен одбор
Директорот
Архива
Административен сектор

Агенција за филм на Република Северна Македонија - Agjencia për film e Republikës së Maqedonisë së Veriut
СКОПЈЕ - SHKUP